Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 02.09.2019
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08 | 440/1 | | |

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА
Примено 30.08.2019
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 - 1078/8 | | | |

УП1 бр. 14-1588
01.08.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Нутриционизам и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Нутриционизам и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-972/2 од 03.07.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1588 од 05.07.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Нутриционизам и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес, акредитирани со Решение за акредитација бр. 1409-53/10 и Решение бр. 1409-53/11 сите од 28.06.2019 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1588 од 19.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 23.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1588 од 29.07.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Нутриционизам и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Нутриционизам на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTER
Dr. Arbër Ademi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
2
Скопје - Shkup

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: d-r Agim Rushiti